**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. . 50-683/3
Скопје, 28 јануари 2025 година

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија што го утврди на седницата, одржана на 28 јануари 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда.

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Игор Филков, министер за правда и<br><br>м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда |
| ПОВЕРЕНИК: | м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда |

Предлог на закон
за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија

Скопје, јануари 2025 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14 и бр. 106/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23), го регулира воспоставувањето, одржувањето и управувањето со националната инфраструктура на просторни податоци. Во Законот за национална инфраструктура на просторни податоци на Република Македонија е извршено транспонирање на одредбите од Европската INSPIRE директива (2/2007). Наведениот Закон беше изменет и дополнет во 2016 година заради проширување на составот на Советот на НИПП со две нови членки Сојузот на стопански комори и Геолошкиот завод на Република Северна Македонија. Измени и дополнувања на Законот беа направени и во 2023 година заради: воспоставување на Регистарот на збирки на просторни податоци кој треба да даде појасна слика и да прецизира во чија надлежност се збирките на просторни податоци дефинирани во членот 5 од Законот, заради проширување на составот на Советот на НИПП со три нови субјекти Министерството за здравство, Министерство за образование и наука и Агеција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и заради формирање на нова Работна група за збирки на просторни податоци.

Ново предложените законски измени се во насока на усогласување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија со изменувањето и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024). Попрецизно усогласувањето се однесува на одредбите во кои се наведени институциите чии називи се изменети согласно изменувањето и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа. Воедно, со предложените измени е опфатена и измена во раководењето со Советот на НИПП имајќи го во вид одговорот од Владата на Република Северна Македонија-Генерален секретаријат, согласно кој е укината позицијата заменик-претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на закон е усогласување со измените и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024). Законот се заснова на начелата на транспарентност, ефикасност, професионалност, интероперабилност и други начела.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија не предизвикува дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/14 и 106/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.129/23), во член 9 во ставот (3) зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 2

Членот 19 се менува и гласи:

,,(1) Со Советот на НИПП раководи и претседава лице овластено од претседателот Владата на Република Северна Македонија од редот на замениците на претседателот на Владата (во натамошниот текст: претседателот на Советот).

(2) Претседателот на Советот на НИПП или овластеното лице од став (1) на овој член се грижи за спроведување на Стратегијата на НИПП и тековно ја информира Владата на Република Северна Македонија за активностите поврзани со НИПП.“

Член 3

Во член 20 став (1) точката 4) се менува и гласи:
„ 4) Министерството за економија и труд; “
Точката 7) се менува и гласи:
„7) Министерството за култура и туризам;“
Точката 8) се менува и гласи:
„8) Министерството за транспорт;“
Точката 10) се менува и гласи:
„10) Министерството за дигитална трансформација;“
Точката 11) се менува и гласи:
„11) Министерството за односи меѓу заедниците;“

Член 4

Во членот 33 зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 5

Во член 33-б во ставот (2) зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлог на закон за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија содржи 7 членови.

Со членот 1 се врши усогласување во членот 9 во ставот (3) со кое називот на „Министерство за информатичко општество и администрација" се заменува со новиот назив на министерството „Министерство за дигитална трансформација".

Со членот 2 се врши измена со која наместо со Советот на НИПП да раководи и претседава заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија одговорен за економски прашања, ќе раководи и претседава лице овластено од претседателот Владата на Република Северна Македонија од редот на замениците на претседателот на Владата.

Со членот 3 врши усогласување на називите на министерствата кои се членуваат во Советот на НИПП, односно се менуваат називите на Министерствата под точките 4), 7), 8), 10) и 11) кои ќе гласат: 4) Министерството за економија и труд; 7) Министерството за култура и туризам; 8) Министерството за транспорт; 10) Министерството за дигитална трансформација и 11) Министерството за односи меѓу заедниците.

Со членот 4 се предлага во член 33 усогласување на називот на „Министерството за информатичко општество и администрација" со новиот назив „Министерство за дигитална трансформација".

Со членот 5 во членот 33-б во ставот (2) зборовите „Министерство за информатичко општество и администрација" се заменуваат со зборовите „Министерство за дигитална трансформација".

Со членот 6 се определува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија се предвидува изменување на називите на министерствата согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/2024), како и измена во раководењето и претседавањето со Советот на НИПП, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Со предложените измени и дополнувања на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија се врши

усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024) и измена во раководењето и претседавањето со Советот на НИПП.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

(„Службен весник на Република Македонија” број 38/14 и 106/16 16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23)

МРЕЖНИ УСЛУГИ
Член 9

(1) За збирките на просторни податоци и услуги за кои согласно со овој закон се создадени метаподатоци, одговорните субјекти во НИПП воспоставуваат и управуваат со услугите:

а) откривање;
б) преглед;
в) преземање;
г) трансформација и
д) повикување на услуги на просторни податоци.

(2) Услугите од ставот (1) на овој член треба да ги имаат предвид релевантните барања на корисниците, да бидат едноставни за користење и да се достапни за јавноста. Пристап до услугите се овозможува преку интернет или преку други средства за пренос на информации по електронски пат.
(3) Мрежната инфраструктура за услугите утврдени во ставот (1) на овој член ја управува Министерството за информатичко општество и администрација.
(4) Со подзаконски акт поблиску се уредуваат прописите поврзани со услугите од ставот (1) на овој член.

Раководење со Советот на НИПП
Член 19

(1) Со Советот на НИПП раководи и претседава заменик-претседателот на Владата на Република Северна Македонија одговорен за економски прашања (во натамошниот текст: претседателот на Советот).

(2) Претседателот на Советот на НИПП се грижи за спроведување на стратегијата на НИПП и тековно ја информира Владата на Република Македонија за активностите поврзани со НИПП.

Именување на членовите на Советот на НИПП
Член 20

(1) Советот на НИПП го сочинуваат по еден претставник од:

1) Министерството за правда;
2) Министерството за одбрана;
3) Министерството за внатрешни работи;
4) Министерството за економија;
5) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
6) Министерството за локална самоуправа;
7) Министерството за култура;
8) Министерството за транспорт и врски;
9) Министерството за животна средина и просторно планирање;
10) Министерството за информатичко општество и администрација;

11) Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор;
12) Државниот завод за статистика;
13) Агенцијата за катастар на недвижности;
14) Агенцијата за планирање на просторот;
15) Централниот регистар на Република Северна Македонија;
16) Центарот за управување со кризи;
17) Градот Скопје;
18) Стопанската комора на Република Северна Македонија (Здружение на комунални дејности или Здружение на информатичко-комуникациски технологии);
19) Сојуз на стопански комори на Македонија;
20) Геолошки завод на Република Северна Македонија;
21) Министерството за здравство;
22) Министерството за образование и наука и
23) Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделставото и руралниот развој.

(2) Владата на Република Северна Македонија ги именува членовите на Советот на НИПП на предлог на субјектите од ставот (1) точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 на овој член, за време од четири години со можност за повторно именување.

(3) Член на Советот на НИПП од Агенцијата за катастар на недвижности е Директорот на Агенцијата.

(4) Член во Советот на НИПП е и координаторот на Комитетот на НИПП.

(5) Советот од редот на своите членови определува еден претставник кој учествува во работата на Комитетот на НИПП.

### Надзор на спроведувањето на законот
### Член 33

Министерството за информатичко општество и администрација е надлежно за вршење на надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон.

### Прекршочна постапка
### Член 33-б

(1) За прекршокот утврден во членот 33-а од овој закон прекршочната постапка ја води надлежниот суд во согласност со Законот за прекршоците.

(2) Пред поднесување барање за прекршочна постапка за прекршокот од член 33-а од овој закон, Министерството за информатичко општество и администрација води постапка за порамнување, во согласност со Законот за прекршоците.